Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12 и 87/13), министерот за здравство донесе

# УПАТСТВО

# ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНАТА, ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ПРИ ПОСТОПЕРАТИВНО СЛЕДЕЊЕ НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ

## Член 1

Со ова упатство се пропишува медицинското згрижување преку практикување на медицината, заснована на докази при постоперативно следење на колоректален карцином.

## Член 2

Начинот на постоперативно следење на колоректален карцином е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

## Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на постоперативно следење на колоректален карцином по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот, може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на згрижувањето, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

## Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-9386/2
30 ноември 2013 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**
____________________

Прилог

# ПОСТОПЕРАТИВНО СЛЕДЕЊЕ НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ

МЗД Упатства
04.02.2011


- Основни правила
- Испитувања за следење
- Постоперативно следење во примарната здравствена заштита
- Шема за следење


## ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Постоперативното следење на колоректалниот карцином ја подобрува прогнозата на пациентите. Моментално нема истражување што се однесува на оптималната фрекфенција и методите на следење.
- Целта на следењето е да се детектираат солитарни локални рецидиви и метастази. Со хируршка ресекција на нив, можно е да се подобри прогнозата на пациентот (ннд-А).
- Следењето е насочено кон пациентите на кои е направена радикална операција за колоректален карцином и чија возраст и општа состојба се такви што реоперацијата е изводлива.
- Важно е да се бараат нови тумори кај пациенти кои биле оперирани поради колоректален карцином.

## ИСПИТУВАЊА ЗА СЛЕДЕЊЕ

- Следењето се организира на секои 3 месеци за време на првите две години и на секои 6 месеци до петтата година.
- За време на контролниот преглед, клиничкиот преглед вклучува ректално туше и палпација на перинеумот.
- Серумските нивоа на CEA треба да се одредуваат при секој контролен преглед.
- Ултразвук или CT скен на абдомен се прави секоја година или секоја втора година.
- Останатиот колон треба да се иследи колоноскопски 1-2 пати за време на следењето. Колоноскопијата треба да се направи по 6 месеци од операцијата ако целиот колон не бил иследен пред операцијата.
- Според некои протоколи за следење по предна ресекција, регијата на анастомозата треба ендоскопски да се иследи секои 6-12 месеци за време на првите две години по операцијата.
- Ако се сомневаме на рецидив или метастазирање, пациентот треба итно да се префрли на хируршко одделение.

## ПОСТОПЕРАТИВНО СЛЕДЕЊЕ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- За време на следењето, потребно е да се направи проценка дали општата состојба на пациентот дозволува отсранување на можен рецидив на тумор или потребните онколошки терапии. Ако се смета дека терапевтските опции не се изводливи, следењето на карциномот нема оправданост. Следење од страна на матичниот лекар, кој ја следи вкупната клиничка слика, е најдобра опција.

- На овој начин на следење пациентот го посетува матичниот лекар. Не се потребни никакви иследувања за следење.

## ШЕМА ЗА СЛЕДЕЊЕ

- Види Табела 1.

**Табела 1.**Постоперативно следење на колоректален карцином

| Време | Место | Испитувања што треба да се направат (покрај клиничкиот преглед кој е секогаш задолжителен) |
|---|---|---|
| 4-6 недели | Болница | Крвна слика , CRP, дали постоперативното закрепнување оди добро |
| 3 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 6 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 9 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 12 месеци | Болница | Крвна слика, CEA, ултрасонографија |
| 15 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 18 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 21 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 24 месеци | Болница | Крвна слика, CEA, ултрасонографија, колоноскопија |
| 30 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 36 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 42 месеци | Примарна здравствена заштита | Крвна слика, CEA |
| 48 месеци | Болница | Крвна слика, CEA, ултрасонографија |
| 60 месеци | Болница | Крвна слика, CEA, колоноскопија, дали е потребно понатамошно следење? |

Автор:Kai Klintrup Претходен автор: Jukka-Pekka Mecklin Article ID: ebm00199 (008.072) © 2012 Duodecim Medical Publications Ltd

1. **EBM Guidelines 04.02.2011 www.ebm-guidelines.com**
2. **Упатството треба да се ажурира еднаш на 6 години.**
3. **Предвидено е следно ажурирање до февруари 2017 година.**